Бр: 09- 7/3

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата составена од Димитрија Вревезоски - претседател и Naser Zharku - член, постапувајќи во постапка, поведена по службена должност бр.09-36 од 26.08.2021 година против **Град Скопје**, Бул. Илинден бр.82, Скопје, Република Северна Македонија на седницата одржана на 08.06.2023 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1) Се утврдува дека Град Скопје, со седиште на , Бул. Илинден бр.82, Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС 6019595 и единствен даночен број 4030004561156, застапувано од полномошник адвокат Сузана Јошевска Анастасовска, не постапил по Заклучокот за барање податоци и документи на Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП бр. 09-6/57 од 08.07.2021 година, а во смисла на член 49 од Законот за заштита на конкуренцијата, на начин што не ги доставилво целост бараните податоци, со што сторил прекршок од член 61 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што му се изрекува глоба во износ од 30.000,00 денари што претставува 0,00066% од приходите на Град Скопје остварени во 2021 година како последна деловна година за која истата има составено годишна сметка.

2) Глобата од точка 1) од ова решение сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата**.** Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) со Заклучок за поведување прекршочна постапка бр. 09-6/1 од 22.01.2021 година поведе прекршочна постапка против Град Скопје, со седиште на Бул. „Илинден" бр. 82, Скопје, Република Северна Македонија и Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСЕПКТИВА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Даме Груев" бр. 7/9-3, Скопје, Република Северна Македонија, заради тоа што склучиле ексклузивен договор, со кој на Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСЕПКТИВА ДООЕЛ Скопје му е дадено ексклузивно право инсталациите на системот на знаци и столбни светилки да ги користи за комерцијално упатување и огласување, чија цел и последица е нарушување на конкуренцијата на пазарот за огласување на столбови за улично осветлување (рекламирање на светлосни панели/патокази поставени на столбови за улично осветлување за комерцијално упатување и

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

огласување), што претставува евентуален прекршок од член 59 став (1) точка 1) а во врска со член 7 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

КОП со Заклучок за барање податоци и документи бр. 09-6/57 на ден 08.07.2021 година го задолжи Град Скопје,согласно член 40 од Законот за заштита на конкуренцијата, да ги достави следните податоци и документи: Вкупен број на издадени дозволи (дозволи кои биле во сила) за рекламни паноа (билборди, мегалајти, беклајти, бигборди, мегаборди и сити лајти), од Град Скопје, одделно, во 2006 година, 2007 година, 2008 година, 2009 година, 2010 година, 2011 година и 2012 година. Со истиот Заклучок КОП го задолжи
Град Скопје бараните податоци и документи да се достават во рок од 8 (дена) од денот на приемот на заклучокот.

Град Скопје до КОП достави одговор на наведениот Заклучок (Наш број 09-6/58 од 19.07.2021 година), во кој се наведени податоците за вкупниот број на издадени дозволи за рекламни паноа (билборди, мегалајти, беклајти, бигборди, мегаборди и сити лајти) за периодот од 2011 година до 2019 година. Град Скопје во дописот наведува дека во периодот помеѓу 2011 и 2013 година градот Скопје – Сектор за планирање уредување на просторот нема издадено одобренија за поставување на рекламни објекти. Во периодот помеѓу 2013 и 2016 година, а согласно "Програмата за поставување урбана опрема – рекламни паноа на подрачјето на град Скопје за период 2012 – 2027 година" донесена во 2013 година, вкупниот број на поставени рекламни објекти бил следниот:

- 800 билборди,
- 252 ситилајти и
- 48 ЛЦД панели.

Во периодот помеѓу 2016 и 2020 година, а согласно "Програмата за изменување и дополнување на програмата за поставување урбана опрема – рекламни паноа на подрачјето на град Скопје за период 2012 – 2027 година" донесена во 2016 година, вкупниот број на поставени рекламни објекти бил следниот:

- 680 билборди и
- 120 ситилајти.

Исто така, во дописот се наведува дека во периодот од 2020 година, па се до денес, а согласно "Програмата за изменување и дополнување на програмата за поставување урбана опрема – рекламни паноа на подрачјето на град Скопје за период 2012 – 2027 година" донесена во 2020 година, вкупниот број на поставени рекламни објекти е 560 билборди.

Иако со Заклучокот бр. 09-6/57 од 08.07.2021 година КОП побара податоци за вкупниот број на издадени дозволи (дозволи кои биле во сила) за рекламни паноа (билборди, мегалајти, беклајти, бигборди, мегаборди и сити лајти), од Град Скопје, одделно, во 2006 година, 2007 година, 2008 година, 2009 година, 2010 година, 2011 година и 2012 година, **Град Скопје достави податоци за периодот од 2011 година до 2019 година.**

Врз основа на ова КОП со Заклучок бр.09-36/1 од 26.08.2021 година поведе прекршочна постапка против Град Скопје, заради тоа што при постапување по Заклучок за доставување на податоци бр. 09-6/57 од 08.07.2021 година, а во смисла на доставување на податоци согласно член 40 од Законот за заштита на конкуренцијата, со допис бр. 09-6/58 од 19.07.2021 година доставило нецелосни, неточни и податоци кои може да ја доведат во заблуда КОП, **што претставува прекршок од член 61 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата** и со Заклучокот за поведување прекршочна постапка од Град Скопје побара доставување на следните податоци: - извод Централен регистар за тековна состојба; биланс на приходите и расходите за 2020 година и податоци за жиро сметка, единствен даночен број и банка депонент.

Со допис број 09-36/2 од 26.08.2021 година КОП до Град Скопје го достави Заклучокот за поведување прекршочна постапка бр. 09-36/1 од 26.08.2021 година.

Со допис бр. 08-сл од 02.09.2021 година (Наш број 09-36/3 од 02.09.2021 година) Град Скопје постапи по Заклучокот за поведување прекршочна постапка.

Од сето наведено КОП утврди дека Град Скопје при постапувањето по Заклучокот на КОП бр. 09-6/57 од 14.06.2021 година за доставување на податоци во *смисла на член 40 со дописот бр.09-6/58 од 19.07.2021 година доставило нецелосни, неточни и податоци кои може да ја доведат во заблуда КОП, на начин што на барањето за доставување на податоци за вкупниот број на издадени дозволи (дозволи кои биле во сила) за рекламни паноа (билборди, мегалајти, беклајти, бигборди, мегаборди и сити лајти), од Град Скопје, одделно, во 2006 година, 2007 година, 2008 година, 2009 година, 2010 година, 2011 година и 2012 година, Град Скопје достави податоци за периодот од 2011 година до 2019 година и ја довело КОП во заблуда, со што сторило прекршок од член 61 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.*

Согласно член 42 став (1) од Законот, КОП со допис бр. 09-33/1 од 30.08.2022 година до Град Скопје достави прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр. 09-33/3 од 15.09.2022 година Град Скопје, преку полномошник Сузана Јошевска – Анастасовска, адвокат од Адвокатска канцеларија Станковиќ и Јошевска, се произнесе по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.

Во изјаснувањето Град Скопје наведе дека немал намера односно умисла за свесно доведување во заблуда на КОП, за што говори и однесувањето на Град Скопје во текот на целата прекршочна постапка бр.09-6 од 22.01.2021 година, која исто така се води пред КОП, а кое однесување е во насока на кооперативност, соработка и континуирано доставување податоци до КОП.
Исто така, Град Скопје наведува дека со допис број 08-сл од 02.09.2021 година го известил КОП од која причина во одговорот од 08.07.2021 година

отсуствуваат податоци за критичниот период, односно дека Градот Скопје не издавал дозволи за рекламни паноа во периодот од 2002 година до 2008 година, а во Заклучокот бр. 09-6/57 од 08.07.2021 година КОП бара вкупен број издадени дозволи за рекламни паноа.

Град Скопје наведува дека набавил податоци од Секторот за планирање и уредување дека во предметниот период се одобрувало користење на локации за поставување на рекламни објекти, но не се издавале одобренија.

Исто така, Град Скопје наведува дека неспорен е фактот дека во предметниот одговор не се дадени податоци за периодот од 2006 година до 2011 година, но тоа се должи на недорабирање во толкување на поимот "издадени дозволи", кои во Градот Скопје се толкувани како "одобренија", а во тој период не се издавале дозволи, односно одобренија согласно законската регулатива.

Согласно член 42 став (3) од Законот, КОП со допис бр. 09-7/1 од 02.02.2023 година до Град Скопје достави конечно известување за утврдена фактичка состојба.

**По прибавувањето на потребните податоци од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка, КОП ја утврди следната фактичка состојба:**

КОП со Заклучок бр. 09-6/57 од 08.07.2021 година побара податоци за вкупниот број на издадени дозволи (дозволи кои биле во сила) за рекламни паноа (билборди, мегалајти, беклајти, бигборди, мегаборди и сити лајти), од Град Скопје, одделно, во 2006 година, 2007 година, 2008 година, 2009 година, 2010 година, 2011 година и 2012 година.

Со допис број 13-6848/2 од 13.07.2021 година (Наш број 09-6/58 од 19.07.2021 година), Град Скопје**,** постапувајќи по Заклучокот на КОП**, доставил податоци** за вкупниот број на издадени дозволи (дозволи кои биле во сила) за рекламни паноа (билборди, мегалајти, беклајти, бигборди, мегаборди и сити лајти) **само за периодот од 2011 година до 2019 година, но не и за 2006 година, 2007 година, 2008 година, 2009 година и 2010 година одделно, како што беа задолжени со истиот.**

Согласно член 40 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) "Заради вршење на овластувањата утврдени со овој закон, Комисијата за одлучување по прекршок може со заклучок да бара од претпријатијата да достават податоци во врска со нивната економско финансиска состојба, нивните деловни односи и врски, податоци за нивните статути и одлуки, за бројот и идентитетот на лицата засегнати со таквите одлуки, како и други податоци потребни за водење на постапката."

Согласно член 61 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) **"**Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 1% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка, ако достави неточни, нецелосни или податоци кои можат да ја доведат во заблуда Комисијата за заштита на конкуренцијата или Комисијата за одлучување по прекршок, а во смисла на член 40, член 48 и член 49 од овој закон".

Од горенаведеното КОП утврди дека Град Скопје со нецелосно доставени податоци во допис број 09-6/58 од 19.07.2021 година, ја довел во заблуда КОП со што **сторил прекршок од 61 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18).**

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот. КОП при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги во предвид олеснителните или отежнителните околности.

Вкупно остварените приходи на Град Скопје во 2021 година, како последна деловна година за која Град Скопје има составено годишна сметка, согласно "Буџет - фонд" ПРИХОДИ И РАСХОДИ во текот на годината – Биланс на приходите и расходите од 1 јануари до 31.12.2021 година изнесуваат 4.552.847.126,00 денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од 0,00066%, па оттука основниот износ на глобата која треба да му се изрече на Град Скопје изнесува 30.000 денари.

Глобата од 30.000 денари претставува 0,00066 % од вредноста на вкупниот годишен приход на Град Скопје остварен во 2021 година како последна деловна година, за која Град Скопје има составена годишна сметка.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**Димитрија Врвезоски**